Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-262/7
17.09.2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-262/1 од 28.2.2025 година поднесена од , со адреса на Општина Гази Баба, Скопје, против Сектор за урбанизам и градежно земјиште во Општина Гази Баба, за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Општина Гази Баба- Сектор за урбанизам и градежно земјиште врз врз основа на политичка припадност во областа на правосудство и управа.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-262/1 од 28.2.2025 година, од страна на против Сектор за урбанизам и градежно земјиште во Општина Гази Баба, за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на правосудство и управа.

Подносителот на претставката наведува дека согласно Пресуда на Управниот суд година, тој има право да го изврши бараниот увид во предметот година поднесен од . И покрај тоа што органот бил задолжен да донесе нов управен акт, истиот не бил изгтвен.

Имено, органот го закажал бараниот увид, но без притоа да го достави побараниот предмет за увид, односно доставил голем броі на списи во кои биле пронајдени само наведените списи во изготвениот записник од година, означени во записникот со бр. 1 и бр. 2. Други списи не биле пронајдени, иако во записникот било наведено дека е направен увид во предметот. Биле разгледани списи доставувани до органот од страна на подносителот, кои списи не биле предмет на увид, додека преостанатите списи од предметот не биле пронајдени, а за кои подносителот тврди дека се скриени.

Од страна на во својство на службено лице, заедно со шефот на Секторот за урбанизам, не му било дозволено да стави забелешка на изготвениот записник. На негово инсистирање и барање бил повикан правникот кој образложил дека подносителот има право да стави забелешка на изготвениот записник, по што истото му било дозволено.

На ден година до органот доставил Барање бр , и Приговор бр. со доставени списи како докази, со цел да му се овозможи увид во бараниот предмет за добивање на потребните списи, со кои ќе може понатаму да ги оствари своите права и ќе ги реши имотноправните проблеми со поведување на управни и граѓански постапки пред судовите.

На ден година тој поднел и Барање до градоначалникот за надминување на проблемот, а остварил и средба си пратениците од населеното место Ченто, кои го известиле дека не може да се сретне со него.

<u>Во прилог на претставката беа доставени</u>:

1. Пресуда година;
2. Записник бр година;
3. Барање бр. дина;
4. Приговор бр. година;
5. Барање за средба со градоначалникот од година.

Од причина што во претставката не беше образложена дискриминаторската основа врз која подносителот го темели тврдењето за сторена дискриминација, на ден 4.3.2025 година Комисија испрати барање за доуредување на претставката до подносителот, со насока да образложи на кој начин смета дека неговата политичка припадност влијаела на дискриминаторскиот третман. Дополнително беше побарано тој да ја наведе политичката припадност на лицето кое смета дека го дискриминирало, неговата припадност, како и каузалната врска помеѓу дискриминаторската основа и нееднаквиот третман.

Во доуредувањето подносителот наведува дека Секторот за урбанизам смислено го манипулира со цел предметниот управен акт да застари и тој да биде попречен да поднесе предлог за повторување на постапката и со тоа да си ги заштити своите имотноправни побарувања. Конкретно, наведува дека првостепениот орган не постапил согласно закон кога презел дејствија и ги легализирал семејните објекти на третиот син на неговите родители, кој е всушност негов брат, притоа недоставувајќи доказни списи до второстепениот орган и до судот. Во однос на дискриминаторската основа, истакнува дека тој не е член на политичка партија, но дека неговиот брат е член на (од чии редови е и н Општина Гази Баба), а смета дека е општо познат факт дека партиите ги заштитуваат своите партиски членови. Притоа, самиот утврдува дека предметното Решение за утврден правен статус, со кое всушност добил увид во предмет во Агенцијата за катастар на недвижности, е издадено во време кога градоначалник на Општина Гази Баба бил од

<u>Во прилог на доуредувањето подносителот ги достави следните списи</u>:
1. Барање за промена на барател за утврдување на правен статус на бесправни објекти година и бр. година
2. Барање бр. одина од Државен инспекторат за градежништво и урбанизам до Градоначалник на Општина Гази Баба- Овластен градежен инспектор
3. Иницијатива за вонреден инспекциски надзор бр. дина
4. Известување одина од Државен управен инспекторат
5. Решение ина на Сектор за урбанизам и градежно земјиште во Општина Гази Баба
6. Известување година од Државен управен инспекторат
7. Иницијатива за вонреден инспекциски надзор бр година
8. Известување ина од Државен управен инспекторат
9. Одговор по Барање бр. година од Сектор за урбанизам и градежно земјиште во Општина Гази Баба
10. Известување година од Сектор за управно надзорни работи во Министерство за транспорт и врски
11. Известување бр. година од Сектор за урбанизам и градежно земјиште
12. Решение одина на Сектор за урбанизам и градежно земјиште
13. Решение година на Министерство за транспорт и врски.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 10.4.2025 година испрати Известување бр. 08-262/4 за произнесување по наводите од претставката до Сектор за урбанизам и градежно земјиште во Општина Гази Баба.

На ден 13.5.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Известување бр. одина од страна на Општина Гази Баба-Сектор за урбанизам и градежно земјиште, заведено во Комисијата под бр. 08-262/5.

Во произнесувањето првенствено се наведува дека лицето по правосилноста на Пресудата на Управниот суд донесена на одина бил повикан да дојде и да направи увид во бараниот предмет. По извршениот увид, уредно бил изготвен Запинсик бр. година, кој тој го прочитал и на истиот ставил забелешка, по што го потпишал и подигнал. Истакнуваат дека барателот ги добил сите списи кои ги барал, а согласно донесената пресуда.

Барателот, незадоволен од увидот, поднел Приговор бр. година и Барање за достава на списи бр. година. По разгледување на Приговорот, изготвен бил допис со бр. одина, кој бил пуштен по пошта да се достави до барателот. Исто така, по разгледување на Барањето за достава на списи, изготвен бил допис со бр. година, кој исто така бил пуштен по пошта да се достави до барателот.

Во однос на поднесената претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, сметаат дека наводите истакнати во претставката се неосновани, бидејќи органот не работи врз основа на политичка припадност, туку врз основа на доставени докази кои се регуларни за водењето на постапките. Наведуваат дека подносителот е секогаш незадоволен и мисли дека сите кои се вработени во органот каде ги поднесува барањата го оневозможуваат во неговите замисли, односно има став дека се кријат докази од него, дека не му се дозволува да прави увид, дека не му се дадени копии кои ги бара и слично.

Истакнуваат дека подносителот во повеќе наврати има правено увид во бараните предмети, за кои му биле правени копии од списите кои ги барал, но тој секогаш незадоволен поднесувал приговори, претставки, жалби или барања за увид во предмет, кои веќе многу пати ги има разгледувано.

Наведуваат дека од нивна страна секогаш било постапувано согласно донесените судски одлуки, а конкретно за оваа последна претставка напоменуваат дека му се дадени копирани списи, кои се цел на донесената судска одлука, при што истакнуваат дека тие поинаку и не можат да постапат.

Последно, напоменуваат дека подносителот има нерешени имотноправни спорови со неговиот брат па оттука произлегува неговото незадоволство и сите преговори, претставки, жалби и слично кои тој нонстоп ги поднесува до сите институции.

Во прилог на произнесувањето беа доставени следните списи:

1. Записник бр. година
2. Допис бр. дина по поднесен Приговор бр. од одина
3. Допис бр. дина по Барање за достава на списи со бр. година.

На ден 29.5.2025 година подносителот изврши Достава на дополнителни списи до Комисијата, заведени под наш бр. 08-262/6, и тоа:

1. Допис бр. година
2. Допис бр. година
3. Тужба до Основен граѓански суд Скопје.

По увид во наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди фактичката состојба и констатира дека не станува збор за повреда на право врз наведената дискриминаторска основа.

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што **се заснова на дискриминаторска основа**, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

Во конкретниот случај, подносителот на претставката се жали на непостапување, односно незаконско постапување, од страна на пријавениот орган- Секторот за урбанизам и градежно земјиште во Општина Гази Баба при одлучувањето по неговите Барања за вид во списи на предмет.

Меѓутоа, од изнесените наводи на подносителот не може да се утврди дека наводните повреди на закон се засновани на неговата политичка неприпадност, односно припадноста на неговиот брат, со што во случајот изостанува потребниот елемент на постоење на дискриминаторска основа за да постои дискриминација. И покрај побараното доуредување, подносителот не ја објасни каузалната врска помеѓу дискриминаторската основа и нееднаквиот третман, односно не ја образложи дискриминаторската основа на степен доволен за да се утврди дека тврдењето за дискриминација е сторено веројатно, со што товарот на докажување не премина на пријавениот орган. Ова дополнително имајќи предвид дека предметот во чии списи подносителот бара увид се води во Општина Гази Баба од 2011 година, а оттогаш на функција стапиле повеќе градоначалници од различни политички партии, со што не може да се смета за легитимно тврдењето за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност.

Дополнително, во случајот не постои ниту компаратор во однос на кој би се ценел наводниот нееднаков третман, односно лице кое се наоѓа во иста или слична ситуација како подносителот, а кон кого се постапувало различно заради неговата политичка припадност.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- 
- Општина Гази Баба- Сектор за урбанизам и градежно земјиште, ул. Архимедова бр. 2, 1000 Скопје